# Македонија без датум за преговори како бебе без извод



Членот на Европарламентот Елс де Гроен за време на дебатата на Пленарната седница во Европскиот Суд во Стразбур за извештајот на Ерик Маилер за земјава го отворил прашањето за добивање датум за преговори за влез на Македонија во ЕУ.

„Лично не мислам дека е паметно да се остави Македонија две години без датум за преговори, знаејќи колку долго Македонија се бореше во минатото за да се приближи кон ЕУ. Сепак, неопределувањето датум за Македонија ме потсетува на раѓање на бебе, а потоа негирање на изводот од матична книга на родените. Затоа апелирам до Советот и Комисијата да го разгледаат своето решение од пред две години и да и издадат „сертификат" за раѓање на Македонија. Таква слободоумна одлука ќе биде стратешки мудра за ЕУ, како и за Македонија" – рекол Елс де Гроен.

Од друга страна, македонската делегација на средбата во Стразбур со еврокомесарот за проширување, Оли Рен добила јасни пораки дека решавањето на отворените прашања за употребата на албанскиот јазик и статусот на учесниците во конфликтот од 2001 година, а особено на поранешните борци на ОНА е на врвот на агендата која Македонија треба да ја исполни за што поскоро добивање датум за преговори.

–Рен потенцираше дека имплементирањето на договореното од клучниот политички дијалог ВМРО-ДПМНЕ-ДУИ е од голема важност. Со тоа потврди дека постои договор меѓу двете партии. Ја поздрави едногласноста на власта и опозицијата во Македонија околу напорите и реформите во насока на исполнување на критериумите за членство во ЕУ. Ги цени напорите на Владата за развој и реформи во областа на економијата, но потенцираше дека тоа е неостварливо без политичка стабилност, клучен критериум според кој во 2005 година го добивме и кандидатскиот статус, вели Владо Бучковски.

Бучковски вели дека се уште нема најави Македонија да добие датум за преговори во текот на Португалското или следното – Словенечко претседателство. И едните и другите потврдија дека во позитивните резултати од политичкиот дијалог се наоѓаат и 4 точки од наводниот договор меѓу ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ.

Шареноликата група составена од Владо Бучковски од СДСМ, Агрон Буџаку од ДУИ, Александар Спасеновски од ВМРО-ДПМНЕ и Слободан Најдовски од ЛДП за денеска го очекува гласањето по извештајот на Европарламентот за напредокот на Македонија. Шефот на делегацијата Иван Анастасовски вчера се врати во Македонија. Ружди Матоши од ДПА пак воопшто не отпатувал во Стразбур.■ (Б.З.- Г.Ма.)